Архивски број: 08-419/3
22-11-2022 година

Постапувајќи по претставката бр. 08-419/1 од 16.08.2022 година, поднесена од [redacted] Скопје против лицето [redacted] од Штип за сторена дискриминација, односно вознемирување во областа на јавно информирање и медиуми, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација (во натамошниот текст: Комисијата) врз основа на член 27 став 1 од Законот за спречување и заштита од дискриминација („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 258/2020), на 22.11.2022 година го донесе следното:

**МИСЛЕЊЕ**

НЕ СЕ УТВРДУВА ВОЗНЕМИРУВАЊЕ врз основа на пол, припадност на маргинализирана група, етничка припадност, личен или општествен статус, родов идентитет и сексуална ориентација сторено од страна на [redacted] од Штип спрема припадници на ЛГБТИ+ заедницата во областа на јавно информирање и медиуми.

**ОБРАЗЛОЖЕНИЕ**

До Комисијата за спречување и заштита од дискриминација на ден 17.06.2022 година е доставена претставка бр. 08-419/1 од страна на [redacted] со седиште на [redacted], Скопје. Во претставката подносителот тврди дека е сторена дискриминација по основ на пол, припадност на маргинализирана група, етничка припадност, личен или општествен статус, сексуална ориентација и родов идентитет во друга област, односно на социјалната мрежа „FACEBOOK" врз припадници на ЛГБТИ+ заедницата од страна на лицето [redacted] со адреса на живеење на [redacted].

Имено, во претставката се наведува дека лицето [redacted] на социјалната мрежа „FACEBOOK" од својот личен профил преку компјутерски систем на 01.08.2022 година во 17:45 часот во јавноста ширел расистички и ксенофобичен пишан материјал, кој во јавноста промовирал омраза против група на лица. Тоа го направил на начин што споделил јавна текстуална содржина која гласела „Kade stee pedercinja" придружена со видео на кое е Претседателот на РСМ Стево Пендаровски, во прилог интернет врска

https://m.facebook.com/story.php?story_fbid=pfbid0JLfDW3ens5YWwyJkE76DM14Bvagk3cjM4DRK1LQfAzj7jgqaBqUSFnSoiA6ywiKWl&id=100041202257580&eav=Afa7C14dUBN3lXO1A023WnbIheMaYrz5d0eeb6FXe8EgQGgKdbp5g-DIRMpY-IqNw0A&m_entstream_source=timeline&anchor_composer=false&paipv=0 .

Понатаму, во претставката подносителот го образложува и поимот на „кривично дело од омраза" во согласност со Кривичниот законик, како и слободата на изразување согласно тоа како е утврдена во Уставот на РСМ и Европската конвенција за човекови права. Дополнително на тоа, подносителот истакнува и што ќе се смета за дискриминација во согласност со Законот за спречување и заштита од дискриминација, како и дека за дискриминација ќе се смета и секоја активност со која посредно или непосредно се повикува, охрабрува, дава упатства или поттикнува да се изврши дискриминација врз дискриминаторска основа. Во однос на наведеното, во претставката се истакнува и поимот на вознемирување согласно истиот Закон, односно според

подносителот во случај на вознемирување не е потребно да постои конкретно лице на кое му се повредени правата, туку може вознемирување да постои и кога се погодени и група како целина, односно припадници на група што е случај со објавениот текст од страна на пријавениот. Според подносителот на претставката, со објавата која ја направило лицето против кого е поднесена претставката на социјалната мрежа „FACEBOOK“ се поттикнува дискриминација, видно од коментарите под објавата, што може да се смета како предизвикување на вознемирување спрема група ЛГБТИ+ заедницата.

Комисијата, во согласност со член 24 став 7 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, на 24.08.2022 година со допис бр. 08-419/2 поднесената претставка ја испрати до лицето Стојан Митков против кого е поднесена претставката, за да се изјасни за наводите содржани во претставката. При доставата на наведениот допис, лицето против кое е поднесено претставката не било пронајдено на наведената адреса на живеење.

Комисијата ценејќи ги наводите во претставката, утврди дека со објавата на текстот од личен профил на социјалната мрежа „FACEBOOK“ не е сторено вознемирување по основ на пол, припадност на маргинализирана група, етничка припадност, личен или општествен статус, родов идентитет и сексуална ориентација.

Имено, Комисијата утврди дека лицето [redacted] на социјалната мрежа „FACEBOOK“ од својот личен профил преку компјутерски систем на 01.08.2022 година во 17:45 часот направил објава со текстуална содржина која гласела „Kade stee pedercinja“ придружена со видео на кое е Претседателот на РСМ Стево Пендаровски. Видеото во прилог на објавата претставува монтажа на две изјави на Претседателот дадени во медиуми, во два различни временски периоди, а кои изјави се однесуваат на предлог за преговарачка рамка во процесот на пристапување на РСМ како членка во ЕУ, во јавноста попознат како „Француски предлог“. Видно од страната на личниот профил на лицето [redacted] објавата има 5 допаѓања, 1 споделување и 1 коментар.

Дискриминација согласно член 6 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, претставува секое разликување, исклучување, ограничување или давање првенство што се заснова на дискриминаторска основа, со сторување или несторување, што имаат за цел или резултат спречување, ограничување, признавање, уживање или остварување на правата и слободите на одредено лице или група на еднаква основа со други.

Во смисла на член 5 од истиот Закон, се забранува секоја дискриминација врз основа на раса, боја на кожа, потекло национална или етничка припадност, пол, род, сексуална ориентација, родов идентитет, припадност на маргинализирана група, јазик, државјанство, социјално потекло, образование, религија или верско уверување, политичко уверување, друго уверување, попреченост, возраст, семејна или брачна состојба, имотен статус, здравствена состојба, лично својство и општествен статус или која било друга основа.

Понатаму, согласно член 9 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, повикување, поттикнување и инструкција за дискриминација е секоја активност со која посредно или непосредно се повикува, охрабрува, дава упатства или поттикнува да се изврши дискриминација врз дискриминаторска основа.

Согласно член 10 од наведениот Закон, вознемирување е секое несакано постапување кон лице или група лица врз дискриминаторски основи што има за цел или последица, повреда на достоинството или создавање на заканувачка, непријателска, понижувачка или застрашувачка средина, пристап или практика. Комисијата, анализирајќи ја содржината на текстот од објавата, утврди дека иако текстот „Kade stee pedercinja“ сам по себе содржи одреден навредлив збор, сепак таквиот текст е објавен во контекст на приложеното видео, односно во смисла на критика и сопствен став во однос на политички случувања во одреден временски период. Текстот како таков не е насочен кон однапред определена група на лица врз основа на дискриминаторските основи наведени во претставката. Истиот нема за цел да критикува, омаловажи, навреди или создаде заканувачка, непријателска, понижувачка или застрашувачка средина, пристап или практика кон група на лица припадници на ЛГБТИ+ заедницата, туку истиот е

објавен во смисла на политичка критика опфаќајќи група на лица кои би се идентификувале со други заштитени карактеристики. Оттука, Комисијата утврди дека така споделената објава не претставува вознемирување во смисла на член 10 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, од причини што истата нема за цел или последица да создаде заканувачка, непријателска, понижувачка или застрашувачка средина, пристап или практика кон припадниците на ЛГБТИ+ заедницата. Со тоа не се исполнува битието на поимот вознемирување согласно дефиницијата утврдена во член 10 од Законот. Дополнително на наведеното, видно од самата објава, под истата имало само еден коментар кој гласел „Gospode", што е спротивно на тврдењата во претставката дека објавата предизвикала коментари кои се сметаат како предизвикување на вознемирување или пак, поттикнување на омраза спрема припадниците на ЛГБТИ+ заедницата.

Во однос на наведеното, при носењето на мислењето, Комисијата во предвид ја имаше и слободата на изразување, во смисла на член 16 од Уставот на РСМ („Службен весник на РМ" бр. 1/1992; 31/1998; 91/2001; 84/2003; 107/2005; 3/2009; 13/2009; 49/2011 и 6/2019), како и членот 10 од Европската конвенција за заштита на човековите права. Имено во таа насока, Комисијата во предвид ја зеде и судската пракса на Европскиот суд за човекови права, односно случајот „Savva Terentyev v. Russia 10692/09". Во конкретниот случај Европскиот суд, се осврнал на праксата на домашните судови при оценување на определена изјава, односно коментар за кој жалителот бил санкциониран. Имено, Европскиот суд забележува дека домашните судови во однос на таквата изјава, се фокусирале на природата на формулацијата на изјавувачот, лимитирајќи ги своите наоди на формата и тонот на говорот, додека не се обиделе да ја анализираат спорната изјава во контекст на релевантна дискусија и притоа да откријат која идеја се сакало да се пренесе. Според Европскиот суд, исходот на определен случај, повеќе зависи од меѓусебната зависност, односно поврзаност на различните фактори, отколку земањето во предвид на секој од нив засебно. Врз основа на таквиот принцип, Европскиот суд го ценел конкретниот случај, со посебно внимание на природата и формулацијата на оспорената изјава, во кој контекст е објавена, потенцијалот да води до штетни последици и причините кои го оправдуваат ограничувањето на истата. Оттука, Европскиот суд утврдил дека при утврдувањето на фактичката состојба домашните судови не ги земале во предвид сите релевантни факти и околности, па следствено на тоа нивното образложение не може да се смета за релевантно и доволно за да се оправда попречувањето на слободата на изразување на жалителот.

Следствено на тоа, Комисијата ги ценеше сите факти и околности, кои како такви ја определуваат природата на сторената објава, во кој контекст е објавена истата, смислата на идејата на објавата, како и дали истата резултира со штетни последици. Согласно горенаведеното, Комисијата одлучи како и во диспозитивот на мислењето.

Скопје
22.11.2022

Комисија за спречување и заштита од дискриминација

Претседател
Исмаил Камбери

*Доставено до:*

[redacted]